Предлагач: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје,

април 2025 година

**ДО:**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република С. Македонија и член 139, член 144 и член 175 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, Ви поднесуваме *Предлог на закон за изменување на Законот за финансирање на политичките партии, по скратена постапка*.

**Пратеници:**

Димитар Апасиев_________________

Борислав Крмов_________________

Реџеп Исмаил_________________

Јована Мојсоска_________________

Амар Мециновиќ_________________

Сашко Јанчев_________________

# ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Политичкиот плурализам е еден од темелите на демократското уредување. За да се обезбеди фер и рамноправна политичка конкуренција, предвидена е буџетска поддршка за политичките партии. Тие треба да бидат столб на демократијата, но не и товар за буџетот без основа. Сепак, прашањето не е дали треба да се финансираат партии, туку како и врз основа на кои критериуми.

Актуелниот *Закон за финансирање на политичките партии* предвидува дека партија која на локални избори освои најмалку 1% од гласовите во барем една општина, добива државни средства!? Иако ова изгледа како стимул за локални иницијативи, во пракса се претвори во механизам за злоупотреба и финансирање на партии без реална политичка поддршка и без никаков општествен импакт.

Финансирањето на партиите врз база на резултати на локално ниво доведе до ситуација во која системот се користи повеќе за лични и лукративни интереси, отколку за вистинска политичка работа, па така имате невидливи партии кои функционираат како приватни бизниси на нивните раководни кадри.

Во изминатите години, јавноста е сведок на неколку примери каде политички партии со десетици или дури само неколку гласови, добиваат годишни средства од над 60.000 ЕУР! На пример: партијата Родина на последните *Локални избори 2021* доби само 93 гласа во Општина Берово, но обезбеди финансирање од над 60.000 евра годишно, за наредните четири години!!! Слични случаи се забележани и кај партии како Македонска Ера Трета која со 30 гласа во Општина Новаци го исполни условот од 1% - што во бројки изнесува добиени 2.000 евра по глас; понатаму Твоја и Интегра со по стотина гласа и сл.

Овие политички партии со незначителни резултати на локално ниво обезбедиле значителна државна поддршка, што покажува дека актуелниот модел создава диспропорција помеѓу изборната поддршка и буџетското финансирање. Не се наградува реалната, национално релевантна политичка активност, туку се овозможува „пазарење“ со ситни локални, сконцентрирани и фамилијарни гласови во мали општини.

Од друга страна, доколку државното финансирање е со цел да обезбеди фер и рамноправна политичка конкуренција, финансирањето на политичките партии поради исполнување на цензус од 1% гласови во било која општина во Македонија не е оправдано и од политички аспект и создава нееднаквост во политичкото делување помеѓу малите политички партии и независните граѓански

листи, кои за да учествуваат во изборниот циклус е потребно да соберат потписи најмалку од 1% од гласачите регистрирани во општината (што во бројки изнесува многу повеќе потписи од стотина) – во зависност од тоа во која општина се кандидираат, а понатаму дури и да имаат голем успех на изборите - тие се скратени од државното финансирање - за разлика од некои политички субјекти кои со неколку стотина гласови и еден освоен советник добиваат државни пари и до 100.000 евра, ако се земе во предвид и фактот дека секоја година буџетот за оваа намена пропорционално расте.

Вака поставените необјективни критериуми стимулираат основање на фиктивни политички партии не од идеолошки или политички причини, туку заради лесен пристап до државни средства или, пак, лична корист во вид на договор за добивање на високо платена политичка функција, во замена за средствата кои политичката партија ги добива од државата. Ова последното особено е изразено во функционирањето на партиските коалиции.

Ако се земе во предвид дека за добиените пари, кои треба да се користат за партиски активности, единствената обврска за партиите е навремено поднесување на извештаи до институциите со цел транспрарентност во трошењето, формирањето на партии со цел нивно „финансиско преживување“ од избори до избори ги демотивира граѓаните кои очекуваат автентична политичка понуда, го прави нерационално трошењето на јавните финансии и сериозно ја девалвира политичката сцена, особено поради тоа што 30% од предвидените финансиски средства за финансирање на политичките партии се делат подеднакво на сите партии кои стигнале до 1% од гласовите во било која општина, без разлика на бројот на освоени гласови, потребни да се дојде до прагот 1%, од оштина во општина.

Прагот од 1% на освоени гласови на локални избори во било која општина - без оглед на нејзината големина, како критериум за државно финансирање не е фер, не е ефикасен и не е во функција на демократијата. Наместо да го поддржува плурализмот, овој модел на финансирање го извртува, создава финансиски паразити во системот, и ги исклучува автентичните гласови кои немаат формален партиски статус. Затоа, со овој предлог-закон се предвидува единствен репер за партиската релевантност да останат само и исклучиво ПАрламентарните избори на ниво на држава (а не и локалните).

Финансирањето од републичкиот Буџет треба да биде одраз на вистинската политичка волја на граѓаните, а не на изборна математика во мали општини со неколку стотина гласачи. Тоа претставува неправедна распределба на јавни пари, со што се загрозува принципот на ефикасно и одговорно трошење на буџетот. Кога политички партии со мали или непостоечки резултати добиваат десетици илјади евра годишно, се создава перцепција на политичка манипулација и

легализирана злоупотреба на буџетот. Ова дополнително ја поткопува и онака ниската доверба во политичкиот систем.

Оттука, а со цел транспарентност и рационалност во управувањето со јавните финансии, е и потребата од усвојување на предложените законски измени.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на овој закон е да се отстрани нелогичниот, манипулативен и нефункционален критериум за финансирање на политичките партии, а со тоа да се создаде пофер, поконкурентен и транспарентен систем на државно / републичко ниво кој ќе ги финансира политичките субјекти со вистинска политичка подршка, идеологија и додадена демократска вредност.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предложениот закон не предизвикува негативни финансиски импликации врз Буџетот на Република С. Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република С. Македонија.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на член 175, став 1, алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложена или обемна измена на законот, предлагаме Собранието да расправа по *Предлог - законот за изменување на Законот за финансирање на политичките партии, по скратена постапка.*

**ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН**
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

**Член 1**

Во Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 76/2004, 36/2006, 86/2008, 161/2008, 96/2009, 148/2011, 142/2012, 23/2013, 140/2018 и 294/2020) – во член 10, став (1) зборовите „, или на последните одржани локални избори во единицата на локалната самоуправа“ се бришат.

Во ставот (2) зборовите „и на политичките партии чии кандидати се избрани за советници на последните одржани локални избори, сразмерно на бројот на избраните советници“ се бришат.

Во ставот (4) зборовите „, или на последните одржани локални избори во секоја општина и во градот Скопје, на ниво на општина, односно градот Скопје“ се бришат.

Во ставот (5) зборовите „и за бројот на избраните советниците на последните локални избори на ниво на цела Република“ се бришат.

**Член 2**

Член 12 се брише.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Предлог законот содржи три члена.

Со членот 1 се изменува членот 10 од Законот за финансирање на политичките партии.

Со членот 2 се брише членот 12 од Законот за финансирање на политичките партии.

Со членот 3 се уредува влегувањето во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Решенијата предвидени со овој Предлог–закон ќе овозможат јавните ресурси да се насочат таму каде што постои јавен интерес и демократска поддршка, врз основа на транспарентност, отчетност и релевантност, а не формалност или минимален праг.

**ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ**
ОД ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ
КОИ СЕ МЕНУВААТ
(ИЗВОД)

**Член 10**

(1) Средствата за финансирање на политичките партии, во износ од 30% што се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија се распоредуваат подеднакво на сите политички партии кои освоиле најмалку 1% од вкупниот број од гласовите на избирачите кои гласале на последните одржани избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, на ниво на целата Република, или на последните одржани локални избори во единицата на локалната самоуправа.

(2) Средствата за финансирање на политичките партии, во износ од 70% што се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија се распоредуваат на политичките партии чии кандидати се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија на последните одржани избори за пратеници, сразмерно на бројот на избраните пратеници и на политичките партии чии кандидати се избрани за советници на последните одржани локални избори, сразмерно на бројот на избраните советници.

(3) Средствата од ставовите 1 и 2 на овој член се распоредуваат на политичките партии со решение на министерот за правда.

(4) Државната изборна комисија до Министерството за правда доставува листа на политичките партии кои освоиле најмалку 1% од вкупниот број гласови на избирачите кои гласале на последните одржани избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, на ниво на цела Република, или на последните одржани локални избори во секоја општина и во градот Скопје, на ниво на општина, односно градот Скопје.

(5) Државната изборна комисија до Министерството за правда доставува листа по политичка партија за бројот на избраните пратеници во Собранието на Република Македонија на ниво на цела Република и за бројот на избраните советниците на последните локални избори на ниво на цела Република.

**Член 12**

Ако градоначалникот, односно советникот е избран како кандидат на две или повеќе политички партии, средствата меѓу нив се делат на еднакви делови, освен ако партиите со предизборен договор поинаку не се договориле.